АСОЦИЈАЦИЈА за GS1 стандарди
GS1 МАКЕДОНИЈА

***Предлог***

# Програма на активности
## на GS1 Македонија во 2015 година

Мај 2015 година
Скопје

# Програма на активности на GS1 Македонија во 2015 година

***Воведни напомени***

GS1 Македонија должна е да ги почитува барањата и следи планираните активности на Меѓународната GS1 организација со седиште во Брисел, во понатамошниот текст GS1. Со Статутот и другите документи на GS1 дефинирана е улогата на организациите членки одн. националните GS1 организации.

Програмата за работа на GS1 Македонија базирана е на барањата и развојните планови на GS1 и регионалната GS1 организација за Европа (GS1 in Europe), но прилагодена на потребите на нашите членки, нивниот степен на користење на GS1 стандардите, барањата што на македонските компании ги поставуваат нивните партнери во синџирот на снабдување и во вкупното стопанско опкружување.

GS1 Македонија како организација членка на GS1 и GS1 in Europe, мора да обезбеди адекватна и хармонизирана имплементацијата на GS1 стандардите и решенијата кај своите членки.

Стратешките ориентации на GS1 Македонија во 2015 година ќе бидат насочени кон:

- Доделување GS1 компаниски префикси (Единствен матичен GS1 број);
- Овозможување достапност на македонски јазик на GS1 техничките упатства, правила и новини во техничките технологии и проекти;
- Обезбедување техничка подршка и обука за имплементација на GS1 стандардите; и,
- Застапување на интересите на своите членки кај релевантните национални тела и во GS1 -Брисел и GS1 во Европа.

Истите ќе бидат реализирани низ следните специфични активности:

- Тековна работа со членките
- Развојни активности
- Развојни проекти
- Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија
- Публицистички активности
- Едукативни активности

## I. Тековна работа со членките

1. Тековна работа со постојните и потенцијалните членки на GS1 Македонија, активности за зголемување на членството и на наплатата на заостанатите членарини;
2. Промоција и воведување нови, покомплексни видови бар кодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви и апликационите идентификатори;
3. Проверка и ажурирање на сите контакт и други информации за членките, заради ажурирање на базата на податоците за проектите: GEPIR и GLN регистар, како и за проектот АКРЕДИТАЦИЈА;
4. Интензивна работа со членките за што помасовно полнење на GS1 КАТАЛОГОТ.

## II. Развојни активности

5. Изработка на нова web страна според новите барања од GS1 Global Office за

ребрендирање и унифицирање на изгледот на сите електронски и печатени материјали;

6. Развој на нови софтверски модули според новонастанатите потреби на GS1 Македонија;
7. Усовршување на софтверот на web базираната апликација GS1 Каталог;
8. Изработка на Андроид B2C апликација поврзана со GS1 Каталогот;
9. Надоградување на системот за електронско зачленување, комуникација и давање услуги од доменот на тековното работење на GS1 Македонија,
10. Воспоставување на GLN регистар за сите членки и вклучување во Меѓународниот GLN регистар.

## III. Развојни Проекти

11. Имплементацијата на Проектите на кои работи GS1 Македонија се комплексни и временски подолги процеси, кои од година во година се надополнуваат и надградуваат. Токму затоа, на сите веќе започнати Проекти, GS1 Македонија ќе продолжи да работи и да ги развива и во 2015 година. ( Подетално во Анексот)

## IV. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија

12. Учество на GS1 Македонија во работата на Генералното Собрание на GS1 и други стратешки форуми и едукативни настани на GS1 и на GS1 in Europe.
13. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија преку публицистички и едукативни активности и објавување на стручни текстови во печатени и јавни електронски медиуми и преку е-ИНФО.
14. Усогласување на WEB страната на GS1 Macedonia (www.gs1mk.org.mk) според најавените нови дизајн стандардите на Меѓународната GS1 организација. Со превод на текстови на македонски и поставување на сопствена WEB страна ќе се зголеми препознатливоста на GS1 Македонија и ќе се овозможи поефикасно и покомплексно претставување на поедини делови на GS1 системот на нашите членки и потенцијалните членки.
15. Со апликативна примена на системот на АКРЕДИТАЦИЈА во континуитет се зголемува препознатливоста на GS1 Македонија и се обезбедува редовно подмирување на обврските на членките по основ на членарина.
16. Промоција и афирмација на GS1 Македонија преку проектите, особено со масовно пристапување на команиите кон GS1 Каталогот.

## V. Публицистички активности

17. Превод, подготовка, изработка и издавање на низа брошури и публикации со основни упатства и пооделни стручни прашања за примена на GS1 системот, како и на други промотивни материјали. Превод и титлување на стручни видео материјали. Стручните брошури и видео материјалите ќе се издадат на CD, а ќе бидат и објавени на социјалните мрежи;
18. На web страната на GS1 Macedonia (www.gs1mk.org.mk) структуирана според ново поставените стандарди на GS1, ќе се публикуваат едукативни содржини и новости на GS1 системот и на GS1 Македонија;
19. Издавање на електронското списание е-Инфо.

## VI. Едукативни активности

20. Организација на семинари и обуки за:
    - Примарна обука на новите членки при зачленувањето;
    - Подетална обука на новите членки за правилно користење и практична примена на баркодовите, во вид на интерактивни работилници во простортиите на GS1 Македонија;
    - Едукација на македонските компании од разни сектори, особено извозно ориентираните и големите дистрибутери за неопходноста од прифаќањето на GS1 стандардите во нивното деловно работење.;
    - Серија предавања за членките на GS1 Македонија и другите заинтересирани фирми (со присуство на домашни и странски експерти) на тема GS1 стандарди - воведување, примена и развој;
    - Тематски предавања, семинари и пилот проекти од областа на: здравство, трговија, логистика, следливост, GS1-128 Bar Code Symbol, SSCC, GLN, EDI, електронски каталог, GDSN, ЕУ Регулатива 1169/2011;
    - Семинари и обука во соорганизација или организација на други институции, организации, здруженија, компании;
    - Едукативни семинари за покомплексни видови бар кодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви и апликационите идентификатори.

21. Обука на вработените во GS1 Македонија:
    - Учество во работата на Меѓународната организација GS1 и GS1 in Europe преку разни форуми, семинари, тренинг курсеви;
    - Учество на webinar едукативни сесии организирани од GS1 Global Office;
    - Учество во ментор програмите подржани од GS1 и GS1 Хрватска;
    - Соработка и размена на искуства со други национални GS1 организации;
    - Едукација на вработените преку e-Learning курсевите.

22. И сите други активности неопходно потребни за континуиран развој на GS1 Македонија и имплементација на GS1 стандардите.

**Анекси на Програмата:**

## Анекс I. РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ И РАЗВОЈНИ ПРОЕКТИ

### 1. Проект -*Протоција на нови, покомплексни видови на бар кодови*

Во Македонија доминантно, скоро исклучиво се применува GTIN (EAN -13 баркод симбологија за означување на трговските единици).

Комплексните баркодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви (GTIN - глобален број на трговските единици, GLN - глобален локациски број, SSCC - серијски број на контејнер за испорака и EPC - електронски код на производот) и апликационите идентификатори (AI, односно податоци како што се: Дата на производство, Број на партија/ лот, Испратено на, Рок на употреба и сл.) иако широко применувани во светскиот трговски синџир, во Македонија се недоволно застапени поради што следливоста според GS1 стандардите на трговските единици и услуги на македонските производи на националниот и светскиот пазар е отежната.

GS1 Македонија ќе продолжи и во 2015 година да ја едуцира македонската бизнис заедница и ќе и' пружи стручна подршка во апликативната примена на комплексните видови на бар кодови, со цел да се зголеми конкурентноста на македонското стопанство, олесни неговото прилагодувањето кон европските стандарди и евроатлантските интеграциони процеси и овозможи зголемен распознатлив и следлив извоз на европските и светските пазари.

### 2. Проект *GEPIR*

GS1 Македонија со сите свои членки од 2006 година е активен учесник во проектот GEPIR. Преку овој проект сите активни членки на GS1 Македонија се '"видливи" и "препознзнатливи" во целиот свет. GEPIR обезбедува да сите основни податоци за членките на GS1 Македонија бидат на располагање на сите учесници во GS1 семејството од преку 2 милион компании. Заинтересираната странка (пребарувачот) по електронски пат може да се поврзе на електронскиот каталог на GS1 Македонија и да ги преземе потребните информации за членката со што се овозможува меѓусобно пронаоѓање и поврзување на деловните партнери.

Користењето на овој сервис GS1 Македонија планира во 2015 да го стави на располагање на Министерството за економија, на Царинската управа и на големите дистрибутивни синџири, со што ќе се создадат реални услови за контрола на сопственоста на брендот на одделни производи, сузбивање на сивата економија, фалсификати и др.

### 3. Проект – *GS1 стандарди во секторот транспорт и логистика*

Овој сегмент на активностите на GS1 Македонија предвидува тесна соработка со сите учесници во испораката на стоката, од производителот, преку шпедитерот, дистрибутерот, царината, до купувачот. Вклучува низа на елементи битни за следење на пратката, како што се GS1 логистичка етикети, пратечки документи, царински документи и тн.

Во 2015 година GS1 Македонија ќе продолжи со промовирање на **GS1 логистичката етикета** базирана врз примена на комплексни видови GS1 бар кодови.

Клучен елемент и единствен задолжителен податок на логистичката етикета е серискиот број на контејнерот за испорака - SSCC. Кога ќе се зголеми бројот на единиците на испораката што ќе бидат означени со GS1 логистичката етикета, се создаваат услови за контакт со Царинската управа со цел промовирање на SSCC како Единствен број на испораката (UCR- Unique Consignment Reference), што е веќе прифатено од страна на НАТО.

## 4. *Нови правци во развојот на бар кодирањето*

### *а) GS1 DataBar*

Успехот на промоцијата на Пилот проектот за GS1 DataBar и пројавениот интерес за употребата на GS1 DataBar кај производителите во месната и млечната индустрија, како и супермаркетите претставува поттик за продолжување и интензивирање на работата во оваа област. Преку промоцијата на Пилот проектот целната група на компании од месната и млечната индустрија беше запознаена со структурата, бенефитите и различните начини на имплементација на GS1 DataBar-от во нивното деловно работење.

Можностите за поставувањето на GS1 DataBar-от на производи со мали димензии овозможува активирање и на производителите на земјоделски производи. Во таа насока, освен започнатата соработка со Агенција за храна и ветеринарство, би започнале со официјална комуникација и презентација на бенефитите на GS1 DataBar-от и во Министерството за земјоделие, како одлична алатка за означување на земјоделските производи и обезбедување на нивна следливост.

### *б) GS1 DataMatrix*

GS1 DataMatrix е дводимензионален бар код кој што се печати во квадратна или правоаголна форма и е составен од поединечни точки и квадрати распределени во мрежа од црни и бели површини. Можноста за дводимензионално кодирање на податоците во рамките на GS1 DataMatrix-от значително ја намалува големината на бар кодот и овозможува кодирање на поголем број на податоци. Податоците во рамките на GS1 DataMatrix се кодираат преку апликациони идентификатори и освен GTIN-от, може да содржат голем број други податоци за производот (датуми на производство и употреба, лот/сериски број, димензии, итн.). Малите димензии на GS1 DataMatrix-от го прават идеален за употреба на производи со мали димензии и неговата употреба опфаќа голем опсег на области од медицина, до производство на мали производи "направи сам". Со објавувањето на McKinsey извештајот за можностите од примена на GS1 стандардите во здравствениот сектор, во голем број земји започнаа подготовки за промоција на GS1 DataMatrix-от, како бар код од новата генерација.
Во наредниот период GS1 Македонија ќе продолжи активно да го следи прогресот на примената на GS1 DataMatrix-от во здравствениот сектор, бидејќи сметаме дека во Република Македонија постои одлична можност за примената на овој бар код. Ќе продолжиме со неговата промоција и едукација за бенефитите на новиот бар код, кој што може да го револуционизира начинот на кој што функционираат здравствените установи и на лесен начин да се обезбеди следливост на лековите и безбедност на пациентите.

### *в) GS1 EPC/RFID*

***RFID (Radio Frequency Identification)*** претставува технологија од најновата генерација, односно претставува напреден механизам за следење на производите во и надвор од продавниците преку користење на радио фреквентни бранови. GS1 организацијата во последните години се обидува да наложи прифаќање на GS1 стандардите и во рамките на оваа нова технологија.

***EPC (Electronic Product Code)*** е уникатен број кој што идентификува еден специфичен производ во дистрибутивниот синџир. EPC се содржи во RFID таговите, кои што претставуваат комбинација од силициумски чип и антена. По вчитување на EPC од тагот, тој може да се поврзе со податоците кои се чуваат во базата на податоци и да се добијат податоци за производот (на пр. датум на производство, земја на потекло, итн.). Како и GTIN-от во GS1-13 бар кодовите, EPC е клучот за пристап до податоците содржани во EPCglobal мрежата. Самиот EPC таг не содржи податоци читливи за луѓето. Потребата од нов вид на идентификување на производите, наместо користење

на GTIN-от во рамките на EPC/RFID таговите е поради потребата од означување на сите видови на производи (од автомобили до зрна ориз). Поради тоа ова е битен идентификациски клуч, идеален за означување на сите видови производи кој во себе може да содржи многубројни податоци.

Интерес за развивањето на областа на GS1 EPC/RFID постои кај Сигма - СБ ДООЕЛ Скопје, како софтверска куќа која би ги извела техничките подготовки за употреба во пракса и Пекабеско АД Скопје, кој што е заинтересиран за интерна примена во своите производствени процеси и користење на GS1 EPC/RFID на нивните производи од свежо месо и преработки од месо.

## 5. Проект – *EDI*

По првичните успешни низа активности од страна на GS1 Македонија изминативе години, ќе се продолжи во таа насока и во 2015 година, За таа цел ќе се организираат едукативни активности - работилници со членките на GS1 Македонија низ поголемите градови во Македонија за таргет групи од производители, големите извозници и дистрибутери. Покрај Тинекс, Пекабеско и Виталиа кои отпочнаа со EDI, заинтересирани компании за воведување на EDI во 2015 година се: Веропулос, Орбико, Нелт СТ, Витаминка, Млекара Здравје Радово.

Нашата членка, софтверската куќа СИГМА СБ ја препозна улогата на GS1 Македонија и побара асистенција во наредните активности на кои ќе работи во наредниот период во 2015 година, особено изработката на Price catalog и електронска фактура, со цел и овие пораки да бидат по GS1 стандарди. Со продлабочување на соработката меѓу СИГМА СБ и GS1 Македонија во овој проект ќе може на многу побрз начин да им се овозможи на компаниите да добијат можност за приклучување во EDI, за кое ќе се гарантира дека ќе биде по GS1 стандарди. Во идниот период ќе се изготват промотивни материјали и ќе се преговара за поврзување на системот за EDI и GS1 Каталогот, кои во моментот иако работат како два независни системи би можеле во иднина преку нивна поврзаност да се надоврзуваат (GS1 Каталогот би можел да биде извор на податоци за производите за кои ќе се врши електронска размена).

## 6. Проект - *Имплементација на GS1 стандардите во Здравство и фармација*

Во 2015 година GS1 Македонија ќе продолжи со активностите за помасовно користење на GS1 стандардите во здравството и фармацијата. Се очекува финализација на започнатите Пилот проекти во трите болници: Специјалната болница за хирургија Филип Втори, Универзитетската клиника за Детски болести и Универзитетската клиника за радиологиоја и онкологија.

Основните цели на пилот проектите се:

- Воспоставување на следливост на производите за да се може да се изврши брзо и ефикасно повлекување на серијата на лекот од употреба;
- Следливост на потрошениот материјал со обележување на медикаментите и медицинските помагала со GS1 симбологија;
- Следливост и обележување на пациентите во болниците со GS1 идентификационите клучеви, со цел
- Формирање на електронско досие за пациентите и издавање на електронска картица за пациентите и докторите.

Со цел побрзо заврушавање на проектот во Детска Клиника, GS1 Македонија очекува во 2015 година да биде одобрена апликацијата со која конкурираше во Германската амбасада за донација на Детската клиника за купување на потребната опрема за читање и печатење на бар кодовите. Со тоа GS1 Македонија го збогатува своето

работење со уште една компонента, покрај едукативната, а тоа е хуманата компонента, бидејќи учествува во донацијата со цел да придонесе за подобрување на лекувањето на најранливата категорија во општеството – децата.

### *7.* Проект - *Промоција на GS1 DataMatrix*

Паралелно со имплементацијата на GS1 стандардите во здравство и фармацијата, ќе се организираат едукативни работилници посветени на GS1 DataMatrix, дводимензионалниот бар код од новата генерација бар кодови.

### *8.* Проект - *GS1 Каталог*

GS1 Каталогот како нов проект е успешен и прифатен од страна на нашите членки, но во 2015 година потребна е дополнителна работа на терен со членките со цел да се зголеми бројот на компании и бројот на производи и да се постигне конечната зацртана цел - GS1 Каталогот да стане единствен и доверлив извор на податоците во Република Македонија.

Идните активности ќе се движат во три насоки:

1. Обезбедување на повисок квалитет на внесените податоци (веќе внесените или оние кои ќе се внесуваат во иднина) преку користење на сите препораки од GS1 организацијата и достапните алатки за зголемен квалитет на податоците (Рамката за квалитет на податоците - Data Quality Framework). Тоа значи дека во 2015 година ќе биде потребно да се проверат и корегираат веќе внесените податоци за некои од најчестите грешки.
2. Зголемување на членството на Каталогот и бројот на прикажани производи. Конечната цел е сите компании членки на GS1 Македонија да бидат вклучени во GS1 Каталогот. Досегашната статистика укажува дека до крајот на 2014 година 65% од активираните 230 компании веќе имаат започнато со внесување на производите. Од тие причини преку наша инволвираност и директна помош при внесувањето, целта е овој процент да се зголеми во 2015 година, а со зголемување на бројот на нови компании кои ќе бидат вклучени во Каталогот да се овозможи низа на обуки преку кои самите компании, односно одговорните лица ќе можат да ја превземат одговорноста и ќе ги внесуваат производите од компанијата (тоа е еден од најголемите проблеми со кои се соочуваме поради недостиг на доволно вработени кај компаниите кои би ги внесувале податоците за сопствената фирма). Поради тоа, нашите идни активности во овој дел би биле продолжување со интензивни посети на компаниите, консултаци и обуки во врска со работата со Каталогот.
3. Развој на нови проекти директно поврзани со GS1 Каталогот:

- ✓ мобилна апликација (B2C), преку која корисниците ќе можат да ги читаат податоците преку скенирање на бар кодот со мобилни телефони
- ✓ веб сервис преку кој маркетите ќе можат директно да ги селектираат податоците за секој нов производ
- ✓ поврзување на GS1 Каталогот со започнатиот проект за EDI
- ✓ проширување на Каталогот за специфични области и индустрии (на пр. здравство)
- ✓ превод на електронскиот Каталог на албански јазик. Со оглед дека македонските компаниите најчесто извезуваат во Албанија и Косово, сметаме дека корисниците од овие земји, како и компаниите кои сакаат да привлечат поголем број потрошувачи би биле заинтересирани за ова јазично проширување на Каталогот)
- ✓ синхронизација и поврзување со каталозите на GS1Русија и GS1Србија
- ✓ изработка на комплетна документација за официјализирање и комерцијализирање на Каталогот, со дефинирани права и обврски пред се помеѓу GS1Македонија и провајдерите, како и со останатите корисници на Каталогот.

## 9. Проект - *GLN регистар на компании*

Во 2015 година GS1 Македонија ќе пристапи кон креирање на сопствен GLN регистар на компании, по препораките на GS1 глобалната организација и останатите GS1 организации. Овој GLN регистар ќе биде поврзан со веќе постоечкиот електронски каталог на производи GS1 Каталог во кој што постои профил на секоја од компаниите провајдери на податоци за производите.

GLN регистарот ќе биде креиран како дел од веб страницата на GS1 Македонија и нема да биде потребен закуп на дополнителен веб простор. GLN регистарот ќе го следи форматот на податоците и начинот на организирање на GLN регистарот од GS1 Србија, со цел во иднина да се изврши поврзување на GLN регистрите на GS1 Македонија и GS1 Србија.

## 10. Проект – *GS1 DataBar*

GS1 Македонија во текот на 2015 ќе работи на терен со фирмите кои произведуваат свежа храна (овошје, зеленчук, пекарски производи), со цел нивно приклучување кон млечната и месната индустрија кои се веќе вклучени во Пилот проектот за примената на GS1 DataBar-от.

Бенефитите за производителите на свежа храна се: зголемување на нивната конкурентност и овозможување зголемен, распознатлив и поголем пласман на домашниот и на странските пазари.

Во текот на 2015 година позитивното искуство од ПРОМЕС ќе биде имплементирано и во СОЛЕТА. Станува збор за додавање на дополнителни интерни апликатори во структурата на GS1 DataBar кодот за попуст на цената на производите пред истекот на рокот на употреба.

## 11. Проект - *Меморандум за соработка и за примена на GS1 стандардите*

По првичниот успех со Меморандумот за соработка кој го потпишаа 29 големи синџири маркети и дистрибутивни куќи, во 2015 година ќе го зголемиме опфатот на потписниците. Планираме да ги вклучиме и регулаторните тела и надлежните министерства (Министерство за здравство, Агенција за храна и ветеринарство, Министерство за замјоделие, Министерство за економија, Царинска управа, Државниот инспекциски совет и др).

Целта е да се зцврстат врските на GS1 Македонија со своите членки, како и со регулаторните тела и државни органи со цел да се обезбеди поширока примена на GS1 стандардите во Република Македонија.

## 12. Проект – *Зголемување на корисниците на софтверот за GS1-128 и логистичка етикета*

Првичните успеси и задоволството на компаниите кои го користеле софтверот е наш поттик во 2015 година да продолжиме со посилна промоција на софтверот особено кај помалите компании, кај кои поради ниската цена ова е најоптималното и најисплатливо решение.

## 13. Проект - *Редизајн на GS1*

GS1 Македонија во текот на 2015 година ќе пристапи кон реализација на донесената одлука на Генералното Собрание на GS1 Глобалната организација ( Берлин, мај 2014), и ќе ги редизајнира сите свои електронски и печатени изданија и по нови стандарди ќе ја креира веб страницата. Ќе се изврши ребрендирање на сите промотивни материјали (електронски и печатени). Посебен акцент ќе биде ставен на креирање на нова веб страница, потполно различна од досегашната, на која содржините ќе бидат поставени на идентичен начин кај секоја национална организација, членка на Меѓународната организација. Целта е да се овозможи ист интерфејс без разлика на која веб страница од било која GS1 организација би се пристапило.
Рокот за поставување на новата веб страница е јуни 2016, а за ребрендирање на сите материјали е декември 2015 година
Со оглед дека ќе мора да се испочитуваат овие рокови, ќе биде потребно да се започне од самиот почеток на 2015 година да се креира новата веб страница со користење на web toolkit достапен од GS1 глобалната организација.
Ребрендирањето на сите материјали исто така ќе се врши со следење на препораките и алатките достапни од GS1 глобалната организација.

## 14. Проект – *GS1 Македонија на Социјалните мрежи*

Со цел што поголема афирмација на GS1 Македонија, и во 2015 година ќе продолжи редовно да се врши ажурирање и поставување на интересни содржини на социјалните мрежи: Facebook, Twitter, GOOGLE+ и LinkedIN. Посебно внимание ќе се обрне на LinkedIn која што е социјална мрежа на професионалци. GS1 Македонија сите публикации покрај на својот сајт ќе ги поставува и на ISSUE - мрежа за споделување на публикации, а видео материјалите ќе се поставуваат на YOUTUBE.

## 15. Проект - *Електронски информатор*

Поради добиената позитивна реакција од читателите, GS1 Македонија ќе продолжи во текот на 2015 година да обработува теми кои ќе бидат во центарот на интерес за нашите членки и ќе се обиде да ги доближи бенефитите од користење на GS1 стандардите поблиску до читателите на Е-Инфото. Во 2015 година, електронското Инфо ќе продолжи да се издава месечно во електронски формат до над 1.500 читатели. Компаниите ќе продолжат да се запознаваат со новостите во областите во кои GS1 системот на стандарди успешно се имплементира и бенефитите кои истиот ги овозможува на компаниите, а воедно ќе се информираат за новите области на употреба на GS1 стандардите.

# Анекс II*:* ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Обука на нови членки

Континуирано ќе се обавува во текот на 2015 година.

- ✓ Во насока на исполнување на очекувањата на нашите членки и пружање дополнителни услуги, а со цел да им го олесниме работењето при баркодирањето на нивните производи и услуги, GS1 Македонија во 2015 година продолжува со организирање на бесплатни обуки за сите новозачленети фирми.
- ✓ Целта е да се овозможи на членките стекнување на квалификувани знаења за GS1 системот во целина, за неговата меѓународна распознатливост, за местото и улогата на GS1 Македонија во овој меѓународен систем на стандарди, како и да им

се олесни патот кон имплементацијата на GS1 стандардите во нивното деловно работење и овозможи користење на бенефитите со кои се стекнуваат како членки на GS1 Македонија.

- ✓ Бесплатните обуки се наменети за сите новозачленети фирми, но добредојдени се и претставници на постојните членки, доколку сметаат дека им е потребно докомплетирање на знаењето за GS1 системот на стандарди.
- ✓ Обуките се наменети за лицата во фирмите кои се непосредно одговорни за баркодирањето во својата фирма или кои се контакт лица за соработка со GS1 Македонија, одредени од управителот/ директорот на фирмата.
- ✓ Обуките ќе се спроведуваат со секоја нова членка при нејзиното зачленување.
- ✓ Обуките ќе се спроведуваат преку видео презентација за основите на GS1 системот, основните елементи на баркодирањето и меѓународни правила за додела и правилна употреба на Единствениот Матичен GS1 број ( GTIN) , со примери од пракса.
- ✓ Преку темите кои ќе бидат обработени, кај членките ќе се зголеми степенот на познавање на GS1 системот, практичната примена на GS1 стандардите и што е најбитно, ќе бидат едуцирани како правилно да ги генерираат и применат баркодовите. На тој начин се создава поголема лојалност кај членките, се воспоставуваат добри деловни односи, што има позитивно влијание на редовното подмирување на обврските кон GS1 Македонија.

## 2. Дисперзирана обука за сите членки по градови низ Републиката

- ✓ Обуката е наменета за сите акредитирани/ активни членки. Концепцијата на обуката е во вид на интерактивна работилница, со практична апликација и генерирање на баркодовите и генерирање на GS1-128 бар кодот и GS1 логистичка етикета.
- ✓ Целта е стручните лица кои се одговорни за баркодирањето во фирмите да се стекнат со дополнителни технички знаења за правилно, квалитетно и адекватно баркодирање на своите производи со повисоки форми на баркод симбологија.
- ✓ Огромни се бенефитите што ќе ги добијат фирмите со оваа обука, (овозможување попродуктивно работење, приспособување на своите производи и услуги на барањата на ЕУ и странските партнери), а GS1 Македонија ќе ја зголеми својата видливост и ќе ја зацврсти позицијата на неопходен деловен партнер кај македонската бизнис заедница.
- ✓ Обуката ќе се спроведува преку видео презентации и ќе биде концепирана како интерактивна работилница, на следниве теми.

1. Носители на податоци во GS1 системот на стандарди
2. Идентификациони клучеви-основа на GS1 системот (GTIN, GLN, SSCC)
3. GS1-128 бар код симбол,
4. GS1 апликатори како носители на дополнителни податоци и нивна правилна примена
5. GS1 Логистичка етикета
6. Следливост
7. Нова генерација на бар кодови : GS1 DataBar, GS1 DataMatrix, GS1 EPC/RFID
8. Промоција на новите услуги за членките и нивна обука за: GS1 КАТАЛОГ, Верификација на квалитетот на изработените баркодови и софтвер за изработка на Логистичка етикета

- ✓ Дисперзираните обуки за членките на GS1 Македонија ќе се одржуваат во континуитет целата 2015 година во поголемите градови низ Републиката.

### 3. Едукација на вработените во GS1 Македонија преку електронски курсеви

По завршените 12 електронски курсеви креирани од GS1 глобалната организација и преведени на македонски јазик, сите вработени добија и по два сертификата за совладано знаење од областите: ***GS1 System*** и ***GS1 Bar Code.***

Во ноември 2014 година беше креирана нова платформа од страна на GS1 глобалната организација за електронско учење на која ќе бидат достапни дополнителни курсеви од други области на имплементација на GS1 стандардите.

Во тек на 2015 година дополнителните курсеви ќе бидат детално анализирани, преведени на македонски јазик и ќе бидат полагани од вработените во GS1 Македонија

Електронските курсеви се поставени и на нашата веб страница (во дел дозволен само за вработените). Досега не беше извршена промоција на курсевите поради отсуството на интерес кај компаниите за електронска обука и досегашната обука на новите членки при нивното зачленување. Но, со зголемената имплементација на GS1 стандардите, повеќе внимание треба да се посвети на промоцијата на електронските курсеви и обучувањето на членките компании за можностите од примената на GS1 стандардите во нивните компании со користење на електронските курсеви.

**Извршен директор,**

С. Милутиновиќ

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

Бр.02-109/6
06.05.2015 год.
Скопје